Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5, 9 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14) и член 11 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14 и 43/14 година), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата, бр.02-3096/6 од .2014 година, на 34-та седница одржана на 04.06.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобруваат финансиски средства во износ од 12.814,80 денари со вклучен ДДВ, за набавка на машина за уништување хартија PS 950 CCD, со следните технички карактеристики: сече хартија, дискови и кредитни картички, отвор за прием на хартијата 220 мм, може одеднаш да исче до 12 листа, сигурносно ниво 3, формат на исечени резанки 4x48мм, автоматско исклучување при прегревање, капацитет на кутијата за отпад 28 литри, димензија: 337 x 238 x 480мм, за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Друштвото за производство, промет и услуги Офис Плус ДООЕЛ узвоз-извоз Скопје, ул.Индустриска бр.4, П.Факс 674 Скопје, согласно доставената и прифатена Понуда бр.14-032-000317 од 02.06.2014 година (наш бр.02-3118/1 од 03.06.2014 година).

2. Средствата од точка 1 од оваа Одлука се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот за радиодифузија (сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) со Заклучок, бр.02-4617/3 од 20.11.2013 година, формираше Комисија која ќе ги уништи хартиените документи во кои што се содржани лични податоци во пишана форма, на кои им е истечен определениот рок за нивно чување, согласно Листата на документарен материјал на Советот за радиодифузија во кои се утврдени рокови на негово чување која е составен дел на Планот на архивските знаци за распоредување на актите за 2013 година на Советот за радиодифузија, бр.03-6392/2 од 17.12.2013 година.

Согласно цитираниот Заклучок, Комисијата по идентификување и издвојување на хартиените документи кои содржат лични податоци на кои им е истечен рокот за чување (во соработка со Секретаријатот на Советот-архива и офицерите за заштита на лични податоци), врз основа на донесена одлука на Советот, треба да пристапи кон нивно уништување.

Заради реализација на Заклучокот, бр.02-4617/3 од 20.11.2013 година во смисла на пристапување кон уништување на документацијата потребно е да се набави машина за уништување хартија. Наведеното, со оглед дека машината за уништување хартија која ја поседува Агенцијата е стара и нема капацитет за уништување на голем број документи, каков што обем по идентификувањето и издвојувањето на документи, ќе биде потребно да се уништи.

По претходно обезбедени информации околу квалитететот на машините за уништување хартија на пазарот, како најповолен уред, кој ќе одговори на потребите како за реализирање на горецитираниот Заклучок, така и на потребите на Агенцијата во

иднина, се предлага набавка на уредот: Машина за уништување хартија PS 950 CCD, со следните карактеристи: сече хартија, дискови и кредитни картички; отвор за прием на хартијата 220 мм; може одеднаш да исече до 12 листа; сигурносно ниво 3; формат на исечени резанки 4х48мм; автоматско исклучување при прегревање; капацитет на кутијата за отпад 28 литри, димензија: 337 х 238 х 480мм.

Во врска со горе наведеното, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беа доставени три понуди и тоа:
- Понуда бр.14-032-000317 од 02.06.2014 година (наш бр.02-3118/1 од 03.06.2014 година), од Друштво за производство, промет и услуги Офис Плус ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во износ од 12.814,80 денари со вклучен ДДВ,
- Понуда бр.20-014 (наш бр.02-3116/1 од 03.06.2014 година), од МаКомп ДОО Скопје, во износ од 14.691,00 денари со вклучен ДДВ, и
- Понуда наш бр.02-3117/1 од 03.06.2014 година, од Друштво за производство, промет и услуги Техномакс - Р ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во износ од 14.160,00 денари со вклучен ДДВ.

Од напред наведеното произлегува заклучокот дека доставената Понуда бр.14-032-000317 од 02.06.2014 година (наш бр.02-3118/1 од 03.06.2014 година), од Друштво за производство, промет и услуги Офис Плус ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул.Индустриска бр.4, П.Факс 674 Скопје, во износ од 12.814,80 денари со вклучен ДДВ, е најповолна, при што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одлучи потребната машина за уништување хартија со наведените технички карактеристики да се набави од тоа правно лице. За реализирање на оваа услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014-та година.

Следствено на сето погоре наведено, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5, 9 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14) и член 11 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14 и 43/14 година), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-3096/6 од 04.06.2014 година, на 34-та седница одржана на 04.06.2014 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-3139/1

05.06. 2014 година

Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Секторот за технологии и информатика;
- Секторот за економско-финансиски работи;
- Секторот за правни работи и
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.